ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-2402/1
07.05.2018 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј

## од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје

## за периодот 01.01.-31.03.2018 г

**Скопје, април 2018 г**

## ВОВЕД

Во првото тримесечие од 2018 г ЈП Улици и патишта Скопје извршуваше исти активности кои ги извршува секоја година во овој период согласно временските услови и Програмите за работа на Претпријатието донесени од страна на Советот на Град Скопје.

Имено,во периодот од 01.01.-15.03.2018 г во најголем дел се одвиваа активности поврзани со Зимската служба согласно Програмата,а зависно од временските услови и активности околу редовното летно одржување.

Активностите кои Секторот Сообраќај ги извршува постојано во текот на целата година независно од периодот и временските услови ги извршуваше и во првото тросечие во 2018 г. Пред се,ова се однесува на работите околу овозможување исправно функционирање на светлосната сигнализација (семафори на територија на Град Скопје) и поставување и замена на сообраќајни знаци.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва ЈП Улици и патишта е регистрирано под ова име како Јавно претпријатие со упис во судски регистар-регистарска влошка бр.02039215?-7-09-000 од 29.10.2001 год. и шифра на дејност 42.11 – градежништво.

Седиштето на претпријатието е на ул.Коле Неделковски бр.38 Скопје.

Дејностите на ЈП согласно Статутот и шифрата на дејност се:

**42.11 Изградба на патишта и автопати**

Заради извршување на својата дејност Претпријатието ги врши следните активности:

- Изградба,реконструкција и одржување на улици,патишта и други велосипедски и пешачки патеки;
- Изградба на коловозна конструкција на улици,патишта,надвозници и др.;
- Изработка на тротоари;
- Обележување на патишта и други ознаки;
- Поставување на заштитни огради,сообраќајни знаци и сл.;
- Изградба на аеродромски писти;
- Одржување на сообраќајна сигнализација;
- Одржување на улици и сообраќајници во зимски услови.

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следниве дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок, глина и каолин;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на други места;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежни – инсталатерски работи;
- 43.99 Останати специјализирани градежни работи неспомнати на други места;
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;

- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности.

## ОРГАНИЗАЦИЈА

Во согласност со статутарните одредби и Правилникот за организација и систематизација ,а заради ефикасно извршување на работите ЈП е организирано на ниво на Сектори и Одделенија и тоа:

1. **Сектор – Механизација;**
2. **Сектор – Сообраќај;**
3. **Сектор – Одржување и изградба на сообраќајници;**
4. **Сектор – Технички работи;**
5. **Сектор – Изградба и одржување на мелиоративно-хидротехнички објекти;**
6. **Сектор – Развој;**
7. **Сектор – Правно-кадрови и општи работи;**
8. **Сектор – Финансии;**

Во извршување на тековните активности во првите три месеци од 2018 г. беа ангажирани **247** работници во редовен работен однос што е речиси на исто ниво во однос на 31.03.2017 г. кога бројот на вработени во редовен работен однос изнесуваше 243.

Квалификационата структура по Сектори е претставена во табелата која следи.

| **БРОЈ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА ПО СЕКТОРИ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВСС** | **ВШС** | **ССС** | **ВК/КВ** | **НК/ПК** | **Вкупно** |
| Генерален директор | 1 | | | | | 1 |
| Изградба и одржување на сообраќајници | 4 | 2 | 19 | 17 | 51 | 93 |
| Сообраќај | 13 | 1 | 14 | 4 | 4 | 36 |
| Механизација | 4 | 1 | 41 | 15 | 5 | 66 |
| Технички работи | 3 | 1 | 1 | | | 5 |
| Финансии | 5 | 1 | 12 | | | 18 |
| Правно-кадрови и општи работи | 5 | | 17 | | 6 | 28 |
| **Вкупно** | **35** | **6** | **104** | **36** | **66** | **247** |

## ***ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ***

Физички показатели од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје во периодот 01.01.-31.03.2018 г. се прикажани во следната табела:

## ТЕХНИЧКА РЕАЛИЗАЦИЈА

за извршени работи од страна на **ЈП Улици и патишта Скопје**

од 01.01. - 31.03.2018 г.

| Реден број | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА | асфалт | асфалт | асфалт | фарбање | знаци | лантерни санација | лед модули | рачно чистење косини на р.Вардар | машинско чистење на кејито и косини | механизација | работна рака | ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | тон | м2 | м1 | м2 | ком. | | ком. | м2 | м2 | час | час | тон |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1 | ГРАД СКОПЈЕ | | 6.177,76 | | 578,90 | 388 | 24 | 45 | | | 5.329,60 | 16.992 | 20 |
| 2 | Трети лица-претпријатија | 400 | | | | | | | | | | | |
| | **ВКУПНО:** | **400** | 6.177,76 | | 578,90 | **388** | **24** | **45** | **0** | **0** | 5.329,60 | **16.992** | **20** |

Од Табелата може да се констатира дека најголем дел од работењето во првото тромесечие од 2018 г. е извршено за основачот Град Скопје,а занемарлив дел е работењето за други инвеститори – правни лица.

Ова е очекувано имајќи предвид дека се работи за зимски период кога најголем дел од активностите се активностите околу зимското одржување на сообраќајници кое е исклучиво во надлежност на Град Скопје.

Другите сектори во Претпријатието кои не се директно поврзани со функционирањето на Зимската служба и чие работење е независно од временските услови во овој период ги извршуваа своите активности редовно како и во останатиот дел од годината.

За други инвеститори – правни лица во периодот 01.01.-31.03.2018 г. се вградени 400 т асфалт и тоа е зголемување во однос на истиот период во 2017 г. кога вградениот асфалт изнесува 65 т за повеќе од 6 пати.

Во следната табела се прикажани физичките показатели од работењето за Град Скопје за период 01.01.-31.03.2018 г.

## ТЕХНИЧКА РЕАЛИЗАЦИЈА

за одржување на булевари,магистрални и собирни улици на ниво на **Град Скопје**

за период 01.01.-31.03.2017 г

| Реден број | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА | асфалт | асфалт | асфалт | фарбање | знаци | лантерни санација | лед модули | рачно чистење косини на р.Вардар | машинско чистење на корито и косини | механизација | работна рака | ладен асфалт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | тон | м2 | м1 | м2 | ксм | ком. | ком. | м2 | м2 | час | час | тон |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1. | Летно одрж.-крпење на ударни дупки | | 1.761,72 | | | | | | | | | | |
| 2. | Асфалтерски работи - изградба | | 4416,04 | | | | | | | | | | |
| 3. | Хор.и верт.сигнализација | | | | 578,90 | 388 | | | | | | | |
| 4. | Светлосна сигнализација | | | | | | 24 | 45 | | | | | |
| 5. | Зимска служба | | | | | | | | | | 5.329,60 | 16.992 | 20 |
| 6. | Инспекторат | | | | | | | | | | | | |
| 7. | Корито на р.Вардар | | | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно:** | | 6.177,76 | | 578,90 | 388 | 24 | 45 | | | 5.329,60 | 16.992 | 20 |

Од оваа табела споредбено со истиот период 2017 г се забележува следново:

1. Во првото тромесечие во 2018 г по налог на Градот Скопје асфалтирани се површини од 6.177,76 м2 што е намалување во однос на истиот период минатата 2017 г за 22.827,49 м2.

2. Одделението за светлосна сигнализација нема застој во работењето и во овој период – независно од временските услови се работи на тековно одржување на семафорските уреди и се интервенира кога има потреба.

3. Во истиот период Одделението за хоризонтална и вертикална сигнализација има обележано вкупно **578,90 м2** сообраќајни површини за разлика од истиот период минатата година кога во овој период се обележени 1.863,26 м2.

Во периодот е работено и на поставување на вертикална сигнализација:

- поставени се сообраќајни знаци нови 187 парчиња
- исправени се сообраќајни знаци 175 парчиња
- отстранети(извадени) се сообраќајни знаци 26 парчиња
- поставени се катадиоптри 554 парчиња

Во набљудуваниот период минатата 2017 г вкупно се поставени и исправени 138 знака или за 250 помалку. Исто така,зголемен е и бројот на поставени катадиоптри – од 260 во првото тромесечие 2017 г на 554 парчиња во истиот период 2018 г.

4.Кај Зимската служба,изработените работни часови што се однесува до работната рака изнесуваат **5.329,6 часови** во 2018г.,што е намалување за 21.118,4 часови во однос на 2017г. (26.448 часови).

Кај часовите на ангажирање на механизацијата за извршување на активностите околу Зимската служба има зголемување – од 7.948 часови во 2017 на 16.992 **часови** во 2018 г.

Часовите на ангажирање на механизацијата и работната рака при Зимското одржување на сообраќајниците потполно се зависни од временските услови.

Во периодот 01.01.-31.03.2018 г. вградени се **20 т** ладен асфалт што е намалување во однос на истиот период 2017 г.кога се вградени 296 т.

## *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ*

Во периодот **01.01.-31.03.2018 г.** покажани се следниве резултати од работењето прикажани во Билансот на успех:

| | 2018 | 2017 | Зголемување/ намалување | Индекс 18/17 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 71.170.283,00 | 81.905.662,50 | - 10.735.379,50 | 0,87 |
| Вкупни расходи | 48.114.118,00 | 45.516.680,00 | 2.597.438,00 | 1,06 |
| Добивка/загуба | 23.056.165,00 | 36.388.982,50 | -13.332.817,50 | 0,63 |

## А. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во периодот 01.01.-31.03.2018 г. остварени се вкупни приходи во износ од **71.170.283,00 ден**.

Овој износ на вкупни приходи е понизок од износот на вкупните приходи остварени во истиот период во **2017 г.** за 10.684.507,50 ден. односно за **13,05%.**

Вкупните приходи по видови се претставени во Табелата која следи:

| Реден број | Вид на приход | 2018 | 2017 | Индекс 18/17 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Град Скопје | 65.035.051,00 | 79.901.183,00 | 0,81 |
| 2 | Други инвеститори | 5.004.707,00 | 765.830,00 | 6,55 |
| 3 | Останати приходи | 1.130.525,00 | 1.238.649,50 | 0,91 |
| | Вкупно: | **71.170.283,00** | **81.905.662,50** | 0,87 |

Во следниот графикон е прикажано процентуалното учество на различните видови на приходи според податоците од Табелата:




**А1. Град Скопје**

Како и години наназад,најголем дел од вкупните приходи се остварени од работењето со Град Скопје. Во периодот 01.01.-31.03.2018 г приходите остварени од работењето со Град Скопје изнесуваат 65.035.051,00 ден. и во вкупните приходи учествуваат со 91,38 %, додека во приходите од редовното работење кои се во износ од 70.039.758,00 ден овој процент е 98,42%.

Ова е очекувано имајќи предвид дека се работи за период од годината кога главните активности се околу извршување на Зимската служба и пополнувањето на ударни дупки со ладен асфалт,а зависно од временските услови и асфалтирање со "обичен" асфалт - активности кои се извршуваат по налог на Градот.

По дејности приходот остварен од работењето со Градот е како што следува во табелата:

| Реден број | Видови приходи по дејности | 2018 | 2017 | индекс 18/17 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Редовно зимско одржување | 27.816.180,00 | 25.897.824,00 | 1,07 |
| 2 | Редовно летно одржување | 23.948.926,00 | 1.619.451,00 | 14,79 |
| 3 | Хоризонтална и вертикална сигнализација | 361.444,00 | 233.218,00 | 1,54 |
| 4 | Светлосна сигнализација | 2.936.675,00 | 2.029.666,00 | 1,45 |
| 5 | Изградба,прекопи,сообр.проекти | 9.971.826,00 | 50.121.024,00 | 0,20 |
| | **Вкупно:** | **65.035.051,00** | **79.901.183,00** | **0,81** |

На вкупен износ приходите остварени од работењето по налог на Град Скопје во првото тримесечие од 2018 г се пониски во однос на приходите остварени во истиот период 2017 г и тоа за 14.866.134,00 ден (18,60%).

По одделни видови на приходи најголемо е зголемувањето кај приходите остварени од Редовно летно одржување – скоро за 15 пати,а за повеќе од 50% се зголемени приходите

остварени од Хоризонтална и вертикална сигнализација. Нешто помало е зголемувањето кај приходите остварени од одржување на светлосната сигнализација – за 45%.

Најголемо намалување има кај приходите остверени од изградба на сообраќајници,односно во ова тромесечие Претпријатието било повеќе ангажирано околу редовното одржување на сообраќајниците на територија на Град Скопје – летно и зимско.

Во графиконот е прикажана структурата на приходите остварени од работењето со Град Скопје.




**А2. Други правни лица**

Во ова тримесечие од работењето со други правни лица остварени се приходи во износ од **5.004.707,00 ден.** Во однос на истиот период минатата 2017 г кога од овие инвеститори биле остварени само **765.830,00 ден** има зголемување од повеќе од 6,5 пати.

**А3. Останати приходи**

Останатите приходи се во износ од **1.130.525,00 денари** и ги сочинуваат:

- средства префрлени од Град Скопје за плати на работници ангажирани преку договор за привремено вработување со одлука на Совет на Град Скопје **42.580,00**
- приходи од претходно одложени приходи **1.028.415,00**
- приходи по други основи **59.530,00**

## Б. ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи за периодот 01.01.-31.03.2018 г се во износ од **48.114.118,00 ден** и се повисоки за 5,71% или за 2.597.438,00 ден од оние истиот период минатата година (45.516.680,00 ден)

Најголемо учество во вкупните расходи имаат расходите за плати на вработените и тоа 53,13 % што е намалување во однос на минатата година кога процентот на учество на платите во вкупоните трошоци изнесувал 56,71 %.

По видови, трошоците се како што следува:

| **конто** | **Назив** | **01.01.-31.03. 2018** | **01.01.-31.03. 2017** | **индекс 2018/2017** |
|---|---|---|---|---|
| 400 | Потрош.матер.производство | 6.173.947,00 | 4.014.043,00 | 1,54 |
| 401 | Потрош.матер.администрација | 6.452,00 | 42.401,00 | 0,15 |
| 402 | Потрош.енергија производство | 2.143.860,00 | 1.620.043,00 | 1,32 |
| 403 | Потрош.енергија администрација | 474.558,00 | 818.517,00 | 0,58 |
| 404 | Потрош.рез.делови - производство | 761.190,00 | 208.045,00 | 3,66 |
| 405 | Потрош.рез.делови - администрација | 1.860,00 | 9.100,00 | 0,20 |
| 407 | Трош.за сит.инв.автогуми-произв. | 175.000,00 | 56.233,00 | 3,13 |
| 411 | Поштенски и телекомуник.услуги | 228.659,00 | 223.654,00 | 1,02 |
| 413 | Услуги за одржување и заштита | 200.261,00 | 208.604,00 | 0,96 |
| 414 | Наемнини | 34.950,00 | 69.000,00 | 0,47 |
| 415 | Комунални услуги | 15.894,00 | 57.726,00 | 0,28 |
| 419 | Останати услуги | 2.246.461,00 | 78.511,00 | 28,79 |
| 420 | Вкалкулирани плати - производство | 17.634.246,00 | 18.372.036,00 | 0,96 |
| 421 | Вкалкулирани плати - администрац. | 7.880.085,00 | 7.440.025,00 | 1,06 |
| 422 | Други надомест.за вработени | 47.333,00 | 62.111,00 | 0,76 |
| 430 | Амортизација | 2.705.711,00 | 2.360.055,00 | 1,15 |
| 440 | Дневници за сл. пат во странство | 12.363,00 | 33.410,00 | 0,36 |
| 441 | Надомест на трош.за вработени | 93.951,00 | 75.241,00 | 1,24 |
| 442 | Трошоци за УО и НО | 351.115,00 | 386.670,00 | 0,91 |
| 444 | Репрезентација | 68.593,00 | 160.187,00 | 0,43 |
| 445 | Премии за осигурување | 159.134,00 | 246.058,00 | 0,65 |
| 446 | Банкарски услуги | 41.141,00 | 16.936,00 | 2,41 |
| 447 | Даноци,придонеси,членарини | 56.739,00 | 34.523,00 | 1,65 |
| 449 | Останати трошоци(интелект.,весн.) | 2.040.689,00 | 504.385,00 | 4,05 |
| 455 | Вредн.усогласување на краткор.побар. | 0,00 | 70.092,00 | |
| 469 | Трошоци од минати години | 310.007,00 | 7.154.385,00 | 0,04 |
| 475 | Расходи од негат.курсни разлики | 816,00 | 0 | |
| 479 | Ост. финансиски расходи - камати | 4.249.103,00 | 1.194.689,00 | 3,56 |
| | Вкупно: | **48.114.118,00** | **45.516.680,00** | 1,06 |

Најизразено зголемување на износот на трошоците за периодот 01.01.-31.03.2018 г. во однос на истиот период 2017 г. има кај ставката Останати услуги,индексот 2018/2017 кај

овој вид на трошок е 28,79. Значајно зголемување има кај ставката Останати трошоци – за повеќе од 4 пати и кај Потрошени резервни делови – производство – индексот е 3,66. Зголемување има и кај ставката Камати – индексот 2018/2017 г е 3,56.

Спротивно,намалување во најголем износ има кај ставката Трошоци од минати години, потоа кај ставките за Репрезентација и за Потрошени материјали во администрација.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

За да се добие подетална и појасна слика за состојбата на ЈП на 31.03.2018 г потребно е да се направи анализа на некои од позициите од Билансот на состојба кои се позначајни за добивање на реални сознанија,односно позиции кои се на висок износ или кои претрпеле значајни промени во периодот 01.01.2018 до 31.03.2018 г. во однос на истиот период 2017 г.

Ова,пред се,се однесува на промените во контата 1200 – Побарувања од купувачи и 2200- Обврски кон добавувачи.

Кај овие конта на 31.03.2018 г. состојбата е следнава:

1. Обврските кон добавувачите на 31.03.2017 г изнесуваат **102.072.121,00 ден** што е за 5.881.964,00 ден повеќе отколку во истиот период 2017 г. кога овие обврски изнесувале 96.190.157,00 ден.

2. Побарувањата на 31.03.2018 г изнесуваат **135.661.354,00 ден** и се за 18,40% (30.589.795,50 ден) помали од побарувањата за истиот период 2017 г. кога тие биле во износ од 166.251.149,50 ден. Овој податок зборува во прилог на констатацијата дека е подобрена наплатата на побарувањата во однос на истиот период минатата година.

3. Неплатени обврски по основ на даноци – ДДВ и Данок од добивка на 31.03.2018 г изнесуваат **28.282.478,00 ден** наспроти 43.287.209,50 ден на 31.03.2017 г.

Намалувањето на обврските кон државата по основ на ДДВ и ДД е константно во последните неколку години и е од исклучителна важност за работењето на Претпријатието.

Со измените на Законот за ДДВ (член 32а) кои стапија во сила од 01.02.2014 г Претпријатието повеќе не покажува нови обврски по овој основ,туку напротив скоро секој месец има побарувања за поврат на ДДВ. Овие побарувања нормално се спротиставуваат со долгот за ДДВ од минатите периоди,а тој факт заедно со плаќањата во текот на годината доведоа до намалување на овие обврски.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ

Од сите овие податоци изнесени погоре во текстот може да се заклучи следново:

1.Вкупните приходи остварени во овој период се **71.170.283,00 ден** и се за 10.735.379,50 ден помали од приходите за истиот период минатата година.

2.Вкупните расходи од 01.01.-31.03.2018 г.изнесуваат **48.114.118,00 ден.** и се за 2.597.438,00 ден. поголеми од вкупните расходи во овој период 2017г.

3.Како резултат на поголеми приходи од расходи за првото тромесечие во 2018 г прикажана е добивка во износ од **23.056.165,00 ден.**за разлика од истиот период во 2017 г.кога е остварена добивка од 36.388.982,50 ден.

Во наредниот период започнува главната сезона за работа на Претпријатието и реално се очекуваат да се остварат приходи повисоки од остварените во првото тромесечие.

Искуството и показателите од минатите години одат во прилог на ова предвидување, но дали овие очекувања ќе се остварат и во која мера зависи најмногу од обемот на

работите и налозите за работа кои ќе бидат дадени во наредниот период од Градот Скопје како главен инвеститор на работите кои ги врши Јавното претпријатие.

Анализата на податоците за наредните периоди од минатите години покажува и дека месеците кои претстојат се и период кога побарувачката за градежни зафати и кај други правни лица расне,така да се очекува осетно зголемување и на приходите остварени од други инвеститори.

**Директор**
Сенад Смаиловиќ